View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk brought to you by CORE

FOLIA ONOMASTICA CROATICA 12–13 (2003–2004)

UDK 811.163.3’373.231
Izvorni znanstveni članak
Rukopis primljen 21. X. 2003.
Prihvaćen za tisak 19. I. 2004.

ЉУБИЦА СТАНКОВСКА
Институт за старословенска култура
ул. Кичевско Џаде, бб
Прилеп, Македонија

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НЕКОЛКУ СТАРИ ЛИЧНИ ИМИЊА

Во статијата се прикажуваат десетина стари лични имиња кои се засведочени во топонимијата на македонскиот јазичен ареал. Разгледаните антропоними му припаѓаат на најстариот антропонимиски фонд на словенските јазици и нивното презентирање има особен принос за збогатувањето на речничкиот состав на прасловенската антропонимиска лексика.

## Безгат

Личното име *Безгаш* е засведочено во основата на потамонимот *Безгашш* – река, притока на Нивичинска Река (Русиново, Беровско). Со формата *Безгашш* реката е обележана на географската карта[1], а од месното население таа се вика *Безкаќева Река*. Еден локалитет што се наоѓа покрај оваа река се вика *Безгашчово*[2]. Потамонимот *Безгашш* претставува поименичена придавка, а потекнува од постарата бинарна синтагма **Безгашш* < **Безгашшь (Пошок)*. Придавската компонента **Безгашш* < **Безгашшь* од составот **Безгашш* < **Безгашшь (Пошок)* е образувана од старото и одамна заборавено име *Безгаш* со посесивниот придавски суфикс *-јь*[3]. Консонантската група *-шш-* во потамонимот *Безгашш* е резултат на извршеното јотување на гласот *ш* од името *Безгаш* под влијание на сонантот *ј* од суфиксот *-јь*. Семантика-

[1] И. Петрушевски, Н. Петрушевска, *Географски топонимиски речник на Република Македонија*, Скопје 2001, стр. 33.

[2] О. Иванова, *Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница*, Скопје 1996, стр. 42.

[3] Љ. Станковска, *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*, Прилеп 2002, стр. 29.

та на потамонимот *Безгашт* може да се дефинира како ‘поток кој му припаѓа на Безгат, односно каде што живее Безгат’.

Во дијалектната форма на потамонимот *Безкаќева Река* замената на гласот *г* > *к* и на групата *-шт-* > *ќ* е од поново време, а групата *шч* наместо *шт* во микротопонимот *Безгашчово* или е остаток од првобитното име **Безгашч* или е разултат на дијалектниот изговор на *шт*. Суфиксната морфема *-ево*, односно *-ово*, што се јавува кај варијантните имиња *Безкаќева Река*, односно *Безгашчово*, е аналошки и е додаден кон постарото потамонимиско име *Безгашч* > *Безгашт* подоцна, т.е. откако се загубила врската со неговото потекло и значење.

Сложеното име *Безгат* < **Bezgatъ* е составено од два елемента: од компонентата *без-* и од глаголскиот корен *-гат*. Првиот дел е еднаков на префиксот *без* од прасл. **bezъ*, стсл. безъ ‘без’, а вториот дел потекнува од прасл. глагол **gatati*, во стсл. е гатати ‘гата, толкува’. Фигуративното значење на името *Безгат* може да се искаже со дефиницијата ‘да живее без гатање, да не ги толкува нештата’ и им припаѓа на личните имиња кои имаат заштитна функција. Во составот на композитните антропоними позицијата на компонентата *без-* секогаш е на прво место. Во македонската антропонимија со оваа морфема се образувани личните имиња: *Безбог*, кое се наоѓа во основата на оронимот *Безбог* – врв и планина во Разлошко (Бугарија), *Безлед*, кое е заложено во основата на топонимот *Безлејца* < **Безледица* – место во планината (Велестово, Охридско), *Безмисл*, кое се наоѓа во основата на ојконимот *Безмисла* – село во Преспанско (Албанија). Сложени имиња во чијшто состав се јавува оваа морфема се потврдени и во другите словенски јазици, сп. пол. *Biezdar*, *Bie(z)stryj*, *Bie(z)stryk*, *Biez(w)uj*, чеш. *Bezdruh*, *Bezdom*, *Bezmír*, *Bestan*, буг. *Безмер*, *Безрад*, рус. *Безгод*, *Безнос*, *Безсон*, *Безструж*, *Безум*[4].

Морфемата *гат-/-гат* е слабо застапена во составот на личните имиња. Во антропонимискиот фонд на словенските јазици досега не се потврдени соодветни сложени имиња. Во антропономастиконите се среќаваат само неколку хипокористични имиња како што се: рус. *Гатень*, буг. *Гате*, *Гатил*, *Гатин*, *Гато*, *Гатуш*, мак. *Гате*, *Гатен*, *Гатко*, *Гато*, *Гатун*[5]. Наведените имиња, обично, се објаснуваат како деривати од личното име *Гаврил*, кое има несловенско потекло, но

[4] M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 65; J. Svoboda, *Staročeská osobní jména a naše příjmení*, Praha 1964, стр. 101; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 16; С. Б. Веселовский, *Ономастикон древнерусские имена, прозвища и фамилии*, Москва 1974, стр. 31-33.

тие, исто така, можат да се изведат и од некое сложено име од типот на *Безгат*.

## Брадовар

Личното име *Брадовар* е засведочено во основата на ојконимот *Брадовар* – село во Јанинско (Грција). Со формата Ββαδοβάρι името на селото е регистрирано од М. Фасмер во неговата монографија за словенските топоними во Грција[6]. Ојконимот *Брадовар* е метонимиско име кое е преземено од некој постар хидроним или ороним **Брадовар*. Топонимот **Брадовар* е посесивна придавка во елиптична форма, која е добиена со супстантивизација од некогашната бинарна конструкција **Брадовар < *Брадоварјь (Поток, Брег)*. Адјективот **Брадоварјь* од составот **Брадоварјъ (Поток, Брег)* е образуван со посесивниот придавски суфикс *-јь*[7]. Во семантички поглед топонимот **Брадовар* означува 'поток или брег кој му припаѓа на Брадовар или каде што живее Брадовар'.

Антропонимот *Брадовар* < **Bradovarъ* претставува двотематско име кое е образувано од составните делови *брадо-* и *-вар*. Морфемата *брадо-* потекнува од прасл. именка **brada* 'брада', во стсл. е брада, а морфемата *-вар* води потекло од глаголот **variti*, во стсл. е варити 'испреварува, пристигнува, брза; опоменува'. Во преносна смисла личното име *Брадовар* може да се изрази со значењето 'да испреварува, да престигнува со брадата, т.е. да биде прв во постигнувањето на нештата (на мирот, на славата и сл.)'. Во антропонимискиот фонд на македонскиот јазик, покрај *Брадовар*, е засведочено и сложеното име *Брадислав*, документирано во турските пишани извори од XV век, а се среќаваат и неколку скратени или деривувани имиња: *Брад*, *Брадар*, *Брадеј*, *Брадин*, *Брадина*, *Брадич*, *Брадо*, *Браѓан*[8]. Деминутивното име *Брадица* е забележено во еден турски пописен дефтер од XV век, меѓу евидентираните жители на градот Острово (Грција)[9].

---

[5] С. Б. Веселовский, *цит. дело*, стр. 78; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 61; Љ. Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје 1992, стр. 73.

[6] M. Vasmer, *Die Slaven in Griechenland*, Berlin 1941, стр. 25.

[7] Љ. Станковска, *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*, Прилеп 2002, стр. 56.

[8] Љ. Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје 1992, стр. 48.

[9] А. Стојановски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер од* XV *век*, т. IV, Скопје 1978, стр. 275.

Со морфемата *-вар*, којашто се јавува во улога на прва и на втора компонента при образувањето на сложените имиња, во македонскиот антропономастикон се одбележани личните имиња: *Житовар*, документирано во XV век и *Плисвар*, регистрирано во XIV век[10], а во топонимијата се среќаваат уште и антропонимите: *Варбуд*, кое е заложено во основата на топонимот *Варбужда* – раселено село во околината на градот Хрупишта (Грција), регистрирано во турскиот опширен пописен дефтер од 1568–1569 година[11], *Бучовар*, што се наоѓа во основата на топонимот *Бучувар* – ниви и ливади (Беровско), *Плетвар*, што се крие во основата на оронимот *Плетвар* – голем рид (Прилепско).

Личното име *Брадовар* досега не е регистрирано во антропонимискиот фонд на словенските јазици. Иако поретко, сепак неговите составни делови се јавуваат како деривациски морфеми во образувањето на други сложени лични имиња. Во хрватската антропонимија е засведочено сложеното име *Bradimir* во чијшто состав учествува коренската морфема *brad-*, а се среќава и името *Bradoj* кое е образувано со суфиксот *-oj* од анропонимите *Brad, Brado*[12]. Во антропонимијата на бугарскиот јазик се познати сложените имиња *Брадислав*, *Брадослав* и нивните деривати *Брад*, *Брадо* од кои се изведени редица хипокористични форми: *Брадан*, *Браден*, *Брадил*, *Брадко*, *Брадул*, а во речничкиот фонд кај Србите е наведено личното име *Миобрад*[13]. Композитни имиња во чијшто состав се содржи морфемата *вар-/-вар* се потврдени во антропонимискиот фонд на словенските јазици, сп. чеш. **Varhost*, што се наоѓа во основата на топонимот *Varhošt'*, **Varobyl*[14], буг. *Болевар*, *Хваливар*, што се заложени во основата на ојконимите *Боле-варци* (Трновско), *Хварваловци* (Еленско)[15].

[10] Љ. Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје 1992, стр. 121, 222.

[11] А. Стојановски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер за казите Горица, Биглишта и Хрупишта од 1568–1569 година*, т. VII, кн. I, Скопје 1997, стр. 549.

[12] M. Šimundić, Nepoznata osobna imena i prezimena Šibenskog kraja od XII. stoljeća do novijega vremena, *Četrta jugoslovanska onomastična konferenca*, Ljubljana 1981, стр. 498.

[13] Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 32; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 136.

[14] J. Svoboda, *Staročeská osobní jména a naše příjmení*, Praha 1964, стр. 98.[1]

[15] Й. Заимов, Двучлени лични имена в българската топонимия, *Onomastica*, r. XX, z. 1–2, Gdańsk 1975, стр. 204.

## Вишеглав

Личното име *Вишеглав* е засведочено во основата на оронимот *Вишеглав* – врв на Конечка Планина, висок 948 м, кој се наоѓа во атарот на селото Липа (Неготинско). Неговото име е регистрирано на географската карта од 1954 година[16]. Оронимот *Вишеглав* претставува поименичена придавка со посесивно значење, а потекнува од некогашната синтагматска формација **Вишеглавъ (Врв)*, чијшто адјектив е образуван со загубениот придавски суфикс *-ъ* кој се одликува со посесивното значење[17]. Семантиката на оронимот *Вишеглав* може да ја дефинираме како ‘врв кој му припаѓа на Вишеглав или каде што живее Вишеглав’.

Композитното име *Вишеглав* < **Vyšegolvъ* е составено од морфемата *више-*, која потекнува од стсл. форма за среден род вышє ‘повисок, поголем; повеќе’ од стсл. вышнн ‘повисок’, компаративна форма од придавката высокъ ‘висок’ < прасл. **ūpso-* и од морфемата *-глав* од стсл. именка глава ‘глава’ < прасл. **golva*. Во преносна смисла личното име *Вишеглав* може да се протолкува со значењето ‘да биде поставен повисоко, да биде на челно место’. Личното име *Вишеглав* досега не е евидентирано во антропонимијата на словенските јазици, но неговите составни делови се потврдени во други сложени антропонимиски единици. Во нашата антропонимија со морфемата *више-*, како и со варијантите *виши-*, *вишо-*, се образувани личните имиња *Вишеслав*, *Вишимир*, *Вишослав*, кој се чува во основата на ојконимот *Вишослав* – исчезнато село во Валовишко (Грција), регистрирано во турските документи од XV век[18]. Присуството на соодветни антропонимиски единици е потврдено и во другите словенски јазици, сп. буг. *Вишеслав*, *Вишослав*, срп. *Вишеслав*, *Вишислав*, пол. *Wyszebor*, *Wyszemir*, чеш. *Višebor*, *Višehněv*, рус. *Vyšeslav*[19]. Во хрватскиот јазик се познати личните имиња *Vislav, Višeslav*, како и женските лични имиња *Vislava, Višeslava*, а

[16] И. Петрушевски, Н. Петрушевска, *цит. дело*, стр. 91.

[17] Љ. Станковска, *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*, Прилеп 2002, стр. 87.

[18] А. Стојановски, *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер од* XV *век*, том IV, Скопје 1978, стр. 80.

[19] Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 51; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 54; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych,* Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 129; J. Svoboda, op. cit., стр. 93; T. Skulina, *Staroruskie imiennictwo osobowe*, II, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1974, стр. 234.

хипокористичните форми *Visa*, *Visunja* се регистрирани уште во пописите од 1198 година[20]. Лични имиња изведени од коренската морфема *vis-* се заложени и во хрватските презимиња: *Visaković*, *Visin*, *Visinko*, *Vi-sošević*, *Visatić*, *Visovac*.

Сложените лични имиња со составниот елемент *-глава* се потврдени во топонимијата на македонската јазична територија, сп. *Дремиглав*, *Здеглав*, *Злоглав*, *Кушоглав*, *Лупоглав*, *Мучоглав*, *Чеглав*, *Черноглав*, кои се наоѓаат во основата на топонимите *Дремиглава*, *Издеглавје*, *Злоглав*, *Кушоглава*, *Лупоглава*, *Мучоглава*, *Чеглава*, *Черноглав*, а во антропономастиконот се нотирани изведените имиња: *Глава*, *Главан*, *Глават*, *Главаш*, *Главе*, *Главин*, *Главина*, *Главно*, *Главче*, *Главчо*[21]. Споредбени антропоними со составниот елемент *-глава* се потврдени и во антропонимијата на другите словенски јазици, сп. словен. *Lipoglav*, *Tupoglav*, срп. *Полуглав*, *Свиноглав*, *Чрноглав*, а во рускиот антропономастикон се среќаваат хипокористичните форми *Голова*, *Голован*, *Головко*, *Головня*[22]. Соодветни имиња се засведочени и во антропонимијата на хрватскиот јазик: *Crnoglav*, документирано во 1201 година, *Lepoglav*, *Ljutoglav*[23].

## Воловид

Антропонимот *Воловид* претставува двоосновно име кое е составено од глаголските коренски морфеми *вол-* од прасл. глагол **voliti*, стсл. волити 'сака, одлучува' и *-вид* од прасл. глагол **viděti*, стсл. видѣти 'види, гледа', а вокалот *-о-* се јавува како инфикс. Личното име *Воловид* се крие во основата на ојконимот *Воловижда* – село во Солунско (Грција), регистрирано во грамотата на Алексеј I Комнин од 1081 година каде што е запишано како Βολοβίσδα[24], а во патописот на Ами Буе од 1836–1838 година неговото име е наведено во обликот *Во-*

[20] M. Šimundić, *Rječnik osobnih imena*, Zagreb 1988, стр. 365; M. Šimundić, Nepoznata hrvatska osobna imena XII stoljeća, Ономатолошки прилози, III, Београд 1982, стр. 147.

[21] Љ. Станковска, *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*, Прилеп 2002; Љ. Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје 1992, стр. 76.

[22] F. Bezlaj, Onomastika in leksikologija, *Onomastica Jugoslavica*, 1, Ljubljana 1969, str. 12–13; М. Грковић, *Имена у Дечанским хрисовуљима*, Нови Сад 1983, стр. 51; С. Б. Веселовский, *цит. дело*, стр. 82.

[23] P. Šimunović, Značajke Buzetske toponimije, *Onomastica Jugoslavica*, 7, Zagreb 1978, стр. 59; M. Šimundić, Nepoznata hrvatska osobna imena s početka XIII. stoljeća (od 1201–1235), *Zbornik referata i materijala V jugoslovenske onomastičke konferencije*, Sarajevo 1985, стр. 240.

[24] *Actes de Lavra*, Paris 1970, стр. 238.

*левод*[25]. При образувањето на ојконимот *Воловижда*, којшто претставува елиптично име добиено со супстантивизација на адјективот од некогашната атрибутска синтагма **Воловижда (Вьсь)*, учествува посесивниот придавски суфикс *-jь* во формата за женски род *-ja*, кој извршил јотување на претходниот консонант *д* во *жд*[26].

Во антропонимијата на словенските јазици се познати лични имиња во чијшто состав се препознаваат коренските морфеми *вол-* и *-вид*. При образувањето на сложените имиња морфемата *вол-/-вол* се користи како прва и како втора компонента, сп. срп. *Волислав*, *Волимир*, чеш. *Volimír*; *Bohuvóle*, полап. **Volegost*, пол. *Wolibor, Wolimir, Wolisław*[27]. Морфемата *вид-/-вид* во составот на сложените имиња се употребува како прва компонента, на пример, кај личните имиња: чеш. *Vidhost*, пол. *Widogost, Widorad*, што се наоѓа во основата на топонимот *Widoradz*, срп. *Видислав*, *Видомир*, *Видослав*, а се јавува и како втора компонента, на пример, во личните имиња: чеш. *Dobrovid, Malovid* во основата на топонимот *Malovidy*, срп. *Боӣовид*, *Завид*, *Свеӣовид*, буг. *Невид*, што се наоѓа во основата на топонимот *Невижда*, рус. *Сновид*[28].

Во македонскиот антропономастикон со морфемата *вол-/-вол* е засведочено личното има *Волислав*, а во топонимијата се откриени и сложените имиња *Драӣовол* и *Здевол*, кои се наоѓаат во основата на топонимите *Драӣовол* – село во Албанија, *Издиволе* – рид (Курија, Нетотинско)[29]. Морфемата *вид-/-вид* е пофреквентна во образувањето на сложените антропоними и се јавува кај личните имиња: *Видимир*, *Видомир*, *Видослав*, кои се одбележани во нашиот антропономастикон, *Видобиӣ*, *Видовиӣ*, *Видомир*, *Желевид*, *Подвид*, *Радовид*,

[25] А. Матковски, *Македонија во делаӣа на сӣранскиӣе ӣаӣоӣисци (1827–1849)*, Скопје 1992, стр. 221.

[26] Љ. Станковска, *Суфиксиӣе -jь, -ьjь, -ъ во македонскаӣа ӣоӣонимија*, Прилеп 2002, стр. 93.

[27] М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 57; J. Svoboda, op. cit., стр. 98; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 126.

[28] J. Svoboda, op. cit., стр. 91; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 121; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 53, 39, 95, 177; Й. Заимов, Двучленни лични имена в българската топонимия, *Onomastica*, r. XX, z. 1–2, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1975, стр. 180; М. Вуйтович, Древнерусские личные имена в граффити Софийских соборов Киева и Новгорода *(*XI–XIV *вв.)*, *Onomastica*, r. XXVI, Warszawa 1981, стр. 206.

[29] Љ. Станковска, *Речник на личниӣе имиња кај Македонциӣе*, Скопје 1992, стр. 68; Љ. Станковска, *Суфиксиӣе -jь, -ьjь, -ъ во македонскаӣа ӣоӣонимија*, Прилеп 2002, стр. 141, 178.

кои се засведочени во основата на топонимите: *Видобишча* – село во Охридско[30], *Видовишӣа* – село во Кочанско, *Видомирец* – месност во Дебарско, *Желевижда* – село во Бератско (Албанија), *Подвижде* – исчезнато село во Кичевско, регистрирано во турските пописни дефтери од XV и XVI век[31], *Радовижда* – село во Јанинско (Грција).

## Драгожил

Во атарот на селото Стрмашево (Кавадаречко) се наоѓа локалитетот *Дрīожи́лица* – место со дабова шума, чијашто првобитна форма била *Драīожи́лица*. Дримонимот *Драīожилица* претставува структурно-топонимиска формација, која потекнува од некогашната бинарна синтагма **Драīожилја (Шума)*, чијшто адјектив е образуван со формата за женски род *-ја* од посесивниот придавски суфикс *-јь*. По елизијата на именскиот дел од составот **Драīожилја (Шума)*, изразен со апелативот *шума*, адјективот **Драīожилја* се супстантивизирал со суфиксот *-ица*. Во основата на дримонимот *Драīожилица* се крие личното име *Драīожил*[32].

Антропонимот *Драīожил* < **Dargožilъ* е композитно име кое е составено од морфемите *драīо-* и *-жил*. Морфемата *драīо-* потекнува од прасл. придавка **dãrgъ* > стсл. дрáгъ ‘драг’, а морфемата *-жил* е еднаква на стсл. партиципска форма жилъ од стсл. глагол жити ‘живее’. Во преносна смисла значењето на личното име *Драīожил* може да се искаже со дефиницијата ‘да сака да живее, односно да остане жив’. Во антропонимијата на македонскиот јазик морфемата *драī-* се одликува со поголема застапеност во образувањето на сложените имиња: *Драīбраӣ*, *Драīивој*, *Драīирад*, *Драīислав*, *Драīобраӣ*, *Драīовиӣ*, *Драīовол*, *Драīоīосӣ*, *Драīожел*, *Драīољуб*, *Драīомир*, *Драīослав*[33], додека морфемата *-жил* е доста ограничена.

И двете морфеми се потврдени во обликувањето на композитните имиња во словенските јазици. Така, со морфемата *драīо-* се образувани личните имиња: срп. *Драīобраӣ*, *Драīовиӣ*, *Драīољуб*, *Драīо-*

[30] В. Пјанка, *Тойономасшикаша на Охридско-йресйанскиош базен*, Скопје 1970, стр. 206.

[31] М. Соколоски, *Кичевскаша нахија во* XV *и* XVI *век*, Историја, год. XVII, бр. 2, Скопје 1981, стр. 127, 133.

[32] Љ. Станковска, *Тойонимиӣе со суфиксоӣ -ица во Македонија*, Скопје – Прилеп 2001, стр, 133.

[33] Љ. Станковска, *Речник на личниӣе имиња кај Македонциӣе*, Скопје 1992, стр. 103–104.

*мил*, *Драгослав*, буг. *Драговар*, *Драговеш*, *Драгодал*, *Драгомир*, пол. *Drogodziej, Drogomir, Drogorad*, полап. *Dragobąd*, чеш. **Drahomysl*, **Drahotúch, Nedrah, Sěmidrah, Sobědrah*[34]. Со морфемата *-жил* се образувани личните имиња во рускиот јазик: *Жилислав* и во чешкиот јазик: *Domažil*[35]. Во антропономастиконот на буграскиот јазик се нотирани хипокористичните имиња *Жилан*, *Жилин*, *Жило*, *Жильо*, *Жилян*, како и женските лични имиња *Жила*, *Жилка*, кои со право Заимов ги третира како деривати од некое старо сложено име во чијшто состав се содржи морфемата *жил-/-жил*[36].

## Жеговит

Името на селото *Жеговишт*, што се наоѓа во областа Аркадија (Грција), во обликот Ζιγοβίστι е регистрирано од М. Фасмер кој го реконструра како *Жеговишта*[37]. Притоа, тој се осврнува и на неговата етимологија и смета дека ојконимот *Жеговишта* претставува плурална форма изведена од апелативот **жеговиште* < *žegovište ‘опожарено место, место изложено на сонце’. Изнесеното гледиште за етимологијата на овој ојконим сметаме дека не е доволно аргументирано. Според нас, ојконимот *Жеговишт* претставува метонимиско име кое е преземено од некој хидроним или ороним **Жеговишт*. Во неговата основа се крие старото лично име *Жеговит*. Топонимот **Жеговишт* претставува елиптично име добиено со супстантивизација на придавката од некогашната синтагматска формација **Жеговиштъ (Поток, Брег)* која е образувана со посесивниот придавски суфикс *-јь* и означува ‘поток или брег кој му припаѓа на Жеговит или каде што живее Жеговит’.

Исчезнатото име *Жеговит* < **Žegovitъ* е композитно образување составено од морфемите *жег-* и *-вит*, а вокалот *о* се употребува како инфикс. Глаголската коренска морфема *жег-* потекнува од прасл. глагол **žegti* ‘гори, пече, пали’, во стсл. јазик глаголот е жешти, жегѫ, а морфемата *-вит* потекнува од прасл. именка **vitъ* ‘господар, моќник’.

[34] М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 81–82; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 95; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 83; J. Svoboda, op. cit., стр. 75, 77.

[35] Н. М. Тупиков, *Словарь древнерусских личных именъ*, Санктпетербург 1903, стр. 206; J. Svoboda, op. cit., стр. 93.

[36] Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 106.

[37] M. Vasmer, op. cit., стр. 153.

Фигуративното значење на антропонимот *Жеѓовиѿ* може да се протолкува како ‘да биде строг, остар господар’.

Во антропономастиконите на словенските јазици засега не се регистрирани сложени лични имиња со морфемата *жеѓ-*, но затоа се познати низа хипокористични форми изведени од овој глаголски корен, сп. буг. *Жеѓан*, *Жеѓо*, чеш. *Žehún*, **Žehúš*, пол. *Żegota, Żegotka, Żeguta*, рус. *Жеѓал*, *Жеѓл*, коишто лежат во основата на антропонимите *Жеѓалов*, *Жеѓлов*, *Жеѓула*, потоа *Жеѓуля*[38]. Личното име *Жеѓо*, кое послужило како база за изведување на другите хипокористични форми, во ономастичката литература, обично, се објаснува како деривувано име од антропонимот *Жеѓосѿ*, коешто е добиено од *Желиѓосѿ*[39]. И покрај постојното мислење во научната литература, ние уште во Речникот на личните имиња кај Македонците потеклото на хипокористикот *Жеѓо* го доведовме во врска со прасл. глагол **žegti*[40]. Сега сакаме да го доуточниме неговото настанување. Имено, личното име *Жеѓо* е создадено по пат на скратување од сложеното име *Жеѓовиѿ*. Од хипокористикот *Жеѓо* потоа се изведени личните имиња *Жеѓал*, *Жеѓло* кои, исто така, се наведени во нашиот речнички фонд.

Втората морфема од личното име *Жеѓовиѿ* почесто се употребува во образувањето на сложените имиња во словенските јазици, а се манифестира како во улога на прва, така и во улога на втора компонента, сп. срп. *Виѿодраѓ*, *Виѿослав*; *Добровиѿ*, *Драѓовиѿ*, *Дражевиѿ*, чеш. *Vitorad*; *Hostivit, Semovit*, полап. **Vitol'ub*, **Vitogost*, пол. *Witomysł, Witorad, Witosław; Milowit, Przywit, Siedlewit*, буг. *Виѿомер*, *Виѿослав*, рус. *Виѿомир*, *Жировиѿ*[41]. Примери за употребата на морфемата *виѿ-/-виѿ* наоѓаме и во антропонимијата на хрватскиот јазик, сп. *Vitomil; Dobrovit, Dragovit, Draževit, Ljutovit*, регистрирано во 1039 година и други[42].

[38] Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 104; J. Svoboda, op. cit., стр. 312; M. Malec, *Staropolskie skócone nazwy osobowe od imion dwuczłonowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1982, стр. 78; С. Б. Веселовский, *циѿ. дело*, стр. 111.

[39] Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 104; M. Malec, *Staropolskie skócone nazwy osobowe od imion dwuczłonowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1982, стр. 78.

[40] Љ. Станковска, *Речник на личниѿе имиња кај Македонциѿе*, Скопје 1992, стр. 119.

[41] М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 54, 78, 81, 82; J. Svoboda, op. cit., стр. 91; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 124; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 51; М. Вуйтович, op. cit., стр. 206, 209.

[42] M. Šimundić, *Rječnik osobnih imena*, Zagreb 1988, стр. 365; M. Šimundić, Značenje nekolikih osobnih imena iz Sumpetarskoga kartulara, *Onomastica Jugoslavica*, vol. 8, Zagreb 1979, стр. 115; M. Šimundić, Nepoznata hrvatska osobna imena s kraja XI. stoljeća, *Onomastica Jugoslavica*, vol. 9, Zagreb 1982, стр. 278; M. Šimundić, Nepoznata hrvatska osobna imena do polovice 11. stoljeća, *Onomastica Jugoslavica*, 10, Zagreb 1982, стр. 234.

Во македонската онимија се среќаваат, исто така, лични имиња во кои се содржи морфемата *вит-/-вит*. Во нашиот антропономастикон се регистрирани имињата *Вотомир*, *Витослав*; *Боровит*, *Добровит*, *Драговит*, *Љубовит*, *Радовит*, *Самовит*, *Становит*[43], а во топонимијата се засведочени, на пример, антропонимите *Домовит* > *Довит*, *Мажовит*, *Поздивит*, *Хотовит* кои се заложени во основата на ојконимите *Довишта* – село во Серско (Грција), *Мажучишта* – село во Прилепско, *Поздивишта* – село во Костурско (Грција), *Фотовишта* – село во Неврокопско (Бугарија) и Драмско (Грција) и други.

## Колодеј

Селото *Колодеј* се наоѓа во Еницевардаско (Грција). Неговото име е регистрирано од В. К'нчов со формата *Колудей*[44], а од Ј. Цвииќ тоа е запишано во обликот *Колодеј*[45]. Името на селото од Т. Симовски е запишано со формата *Колудеј*[46].

Поаѓајќи од погоренаведените податоци, сметаме дека правилната форма на името на селото треба да гласи *Колодеј*, а ликот *Колудеј* е резултат на извршената редукција на неакцентираниот вокал *о* во *у*, што е редовна појава во еницевардарскиот говор. Ојконимот *Колодеј* е метонимиско образување кое е преземено од постарото хидронимиско име **Колодеј*. Хидронимот **Коледеј* е елиптично име со посесивно значење, а е добиено од некогашната адјективна синтагма **Колодејь (Поток)*, чијашто придавска компонента е образувана со придавскиот суфикс *-ь*, палаталната варијанта на посесивниот придавски суфикс *-ъ*. Основата на хидронимот **Колодеј* е изведена од личното име *Колодеј*[47]. Семантиката на хидронимот **Колодеј* може да се искаже со дефиницијата ‘поток кој му припаѓа на Колодеј или каде што живее Колодеј’.

Антропонимот *Колодеј* < **Kolodějь* е двочлено име кое е обликувано од морфемите *коло-* и *-деј*. Морфемата *коло-* потекнува од коренот *кол-* < прасл. **kol-*, што се наоѓа во стсл. заменка колнкъ ‘колкав, кол-

[43] Љ. Станковска, *Речник на личните имиња кај Македонците*, Скопје 1992.

[44] В. Кънчовъ, *Македония. Етнография и статистика*, София 1900, стр. 149.

[45] Ј. Цвиић, *Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије*, I–II, Београд 1906, стр. 335.

[46] Т. Х. Симовски, *Населените места во Егејска Македонија*, кн 1, Скопје 1998, стр. 71.

[47] Љ. Станковска, *Суфиксите -јь, -ьјь, -ъ во македонската топонимија*, Прилеп 2002, стр. 196.

ку повеќе', а морфемата *-деј*, потекнува од коренот *деј-* од прасл. глагол **dějati* > стсл. дѣꙗти 'дејствува'. Во преносна смисла значењето на името *Колодеј* може да се протолкува како 'повеќе да дејствува (за слава, за мир)'. Сложеното име *Колодеј* е регистрирано и во чешкиот јазик: *Koloděj*[48]. Исто така, во чешката антропонимија со коренската морфема *kol-* се обликувани и сложените имиња *Kolimír, Kolovrat*. Во руската антропонимија се познати личните имиња *Колодин*, *Колодуј*, што се наоѓа во основата на антропонимот *Колодуев*, *Колудар*[49]. За морфемата *кол-*, којашто влегува во составот на наведените антропоними, Топоров предлага поинакво толкување. Имено, морфемата koli- во чешкото име **Kolimír* тој ја изведува од глаголот **koliti* : **kolěå ti* : **kolti*[50].

Морфемата *dej-/-dej* ретко е застапена во образувањето на сложените антропоними. Таа се манифестира во составот на неколку лични имиња, сп. помор. **Dě(jь)-mirъ*[51], хрв., срп. *Dobrodjej*, словин. *Dobrodei*, стчеш. *Naděj*, пол. *Nadey*[52].

## Коробуд

Старото лично име *Коробуд* е засведочено во македонската антропонимија посредно преку ојконимот *Коробуд* – исчезнато село во Мегленско (Грција). Во обликот *Корвуд* името на селото е регистрирано од Т. Симовски[53]. Притоа, тој забележува дека селото *Корвуд* било постара населба, којашто се споменува во турските дефтери за Оливеровата нахија, а се претпоставува дека се наоѓало во близината на селото Фуштани. Постарата форма на името на селото, според нас, била *Корбуд*, односно *Коробуд*.

Името на селото *Коробуд* е пренесено од името на некој друг објект кој се викал **Коробуд*. Топонимот **Коробуд* претставува супстантивизирана придавка произведена од првобитната бинарна комбинација **Коробуд* < **Коробудъ (Извор, Брег)*, чијашто придавска компонента е образувана од личното име *Коробуд* со посесивниот придав-

[48] J. Svoboda, op. cit., стр. 274.

[49] С. Б. Веселовский, *цит. дело*, стр. 150–151.

[50] В. Н. Топоров, *Праславянская культура в зеркале собственных имен (элемент *мир-)*, История, культура, этнография и фольклор славянских народов, XI Международний съезд славистов, Братислава, сентябрь 1993 г., Москва 1993, стр. 38.

[51] Ibid, стр. 30.

[52] J. Svoboda, op. cit., стр. 94.

[53] Т. Симовски, *цит. дело*, стр. 91.

ски суфикс -ъ[54]. Во семантички поглед топонимот **Коробуд* означува 'извор или брег кој му припаѓа на Коробуд или каде што живее Коробуд'.

Личното име *Коробуд* < **Korobudъ* е сложено име и е составено од глаголските морфеми *кор-* и *-буд*, кои се поврзани меѓусебе со вокалот *-о-*. Морфемата *кор-* потекнува од прасл. глагол **koriti*, стсл. корити 'кори', чиешто првобитно значење е 'да се постигне нешто со војување, со битка"[55]. Морфемата *-буд*, која при образувањето на личните имиња се јавува како прва и како втора компонента, потекнува од прасл. глагол **buditi*, стсл. боудити 'буди, поттикнува'. Фигуративното значење на личното име *Коробуд* може да се искаже со дефиницијата 'да се буди војувањето, да се буди постигнувањето на успешна битка'. Во македонската топонимија со коренот *кор-* е засведочено и сложеното име *Корбил*, заложено во основата на ојконимот *Корбиле* – исчезнато село во Хрупишко (Грција), а личните имиња *Корет̄а*, *Корем*, кое претставува скратено име од *Коремисл*, и *Корош* се наоѓаат во основата на топонимите *Кореш̄та* – област во Костурско (Грција), *Кормиш̄та* < *Коремиш̄та* – село во Зихненско (Грција), *Корошиш̄та* – село во Струшко. Во македонскиот антропономастикон се одбележани уште и хипокористично-деминутивните форми *Кораќ*, *Кордо*, *Коре*, *Кореш*, *Корко*[56]. Во речничкиот фонд на личните имиња во словенските јазици се среќаваат композитните имиња *Корислав*, *Коровој*[57], а од дериватите се засведочени имињата: срп. *Корач*, *Кореша*, *Корина*, буг. *Корак*, *Коран*, *Корил*, *Коро*, рус. *Корех*, *Корец*, *Корин*, *Корка*[58], *Коромысло*[59].

Лични имиња во чијшто состав влегува морфемата *буд-/-буд*, исто така, се застапени во македонката антропонимија. Како прва компонента морфемата *буд-* се манифестира кај личните имиња: *Будимир*, *Будислав*, регистрирани во писмените споменици од XIV век, *Будохор*, што се крие во основата на ојконимот *Будохор* – село во Прави-

[54] Љ. Станковска, *Суфиксит̄е -јь, -ьјь, -ъ во македонскат̄а т̄ойонимија*, Прилеп 2002, стр. 199.

[55] P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga i srpskoga jezika*, II, Zagreb 1972, стр. 155–156.

[56] Љ. Станковска, *Речник на личнит̄е имиња кај Македонцит̄е*, Скопје 1992, стр. 151.

[57] М. Морошкин, *Славянскій именословъ или собраніе славяскихъ личныхъ именъ*, Санктпетербургъ 1867, стр. 102.

[58] М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 113; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 124–125; С. Б. Веселовский, *цит̄. дело*, стр. 155.

[59] С. Б. Веселовский, *цит̄. дело*, стр. 157.

[59] С. Б. Веселовский, *цит̄. дело*, стр. 157.

шко (Грција), а како втора компонента се јавува во составот на личното име *Желобуд*, коешто се наоѓа во основата на ојконимот *Желобуд* – исчезнато село во Дебарско (Албанија). Поголема фреквенција оваа морфема има во антропонимијата на другите словенски јазици, сп. чеш. *Budihost, Budilov, Budivoj; Bohobud, Dobrobud, Malobud, Těchobud*, пол. *Budzisław, Budziwoj*; *Nieprzebud, Niesiebud, Zdziebud*, рус. *Жизнобуд*, буг. *Будимер*, *Будимир*, *Будислав*, *Будислов*, срп. *Будивој*, *Будимир*, *Будислав*, *Будомир*[60].

## Људогост

Личното име *Људоīосѿ* е заложено во основата на ојконимот *Лидаīос* – село во Берско (Грција). Во обликот *Лидаīосѿъ* името на селото е забележено од В. К'нчов[61]. Првобитната форма на името на селото била **Људоīосѿ*, а замената на слогот *Љу-* > *Ли-* и на вокалот *о* > *а* се случила во туѓата јазична средина што е изразено и кај други македонски топоними во Грција, сп. *Либовижа* – место во Грција, грч. Λιμποβίζια[62], чијшто некогашен облик бил *Љубовижда*. Испаѓањето на гласот *ѿ* во консонантската група *-сѿ* се извршило од македонските говорители.

Ојконимот **Људоīосѿ* е метонимиско образување, а е пренесено како име на населбата од името на некој друг објект кој се именувал **Људоīосѿ*. Топонимот **Људоīосѿ* претставува елиптично име кое потекнува од постарата синтагматска формација **Људоīосѿ* < **Людоīосѿъ (Извор, Рид)*, чијшто адјективен член е образуван од личното име *Људоīосѿ* со посесивниот придавски суфикс -ъ. По елиминирањето на именскиот дел од составот **Људоīосѿ* < **Людоīосѿъ (Извор, Рид)*, адјективот **Људоīосѿ* < **Людоīосѿъ* се супстантивизирал и продолжил да суштествува во форма на елипса. Топонимот **Људоīосѿ* означува ‘извор или рид кој му припаѓа на Људогост, односно каде што живее Људогост’.

Двоосновното име *Људоīосѿ* < прасл. **Ljudogostь* е составено од лексичките елементи: *људо-* и *-īосѿ*. Морфемата *људо-* потекнува од

---

[60] J. Svoboda, op. cit., стр. 72; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 71, 65; М. Вуйтович, op. cit., стр. 206, 206; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 38–39; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 47.

[61] В. Кънчов, *циѿ. дело*, стр. 144.

[62] Ph. Malingoudis, *Studien zu den slavischen Ortsnamen Griechenlands*, Wiesbaden 1981, стр. 63.

прасл. именка *ljudъ ‘народ, луѓе’, во стсл. е людье ‘луѓе’, а морфемата *-ѓосѿ* е еднаква на глаголскиот корен *ѓосѿ-* од прасл. глагол *gostiti* ‘нагости’, во стсл. е гостити. Фигуративното значење на името *Људоѓосѿ* може да се протолкува со дефиницијата ‘да ги нагости луѓето’. Еднакво име по својата структура претставува руското име *Людѓосѿ* < струс. *Людьѓосѿь*[63]. Антропонимиската морфема *људ-* се јавува како составен дел кај сложеното име *Људовид*, коешто е засведочено во основата на ојконимот *Лидижда* – село во областа Епир (Грција), регистрирано од М. Фасмер со формата Λιδίσδα[64], чијашто првобитна форма е *Људижда* < **Људовижда*[65], како и кај современото име *Људмил*.

Споредбени лични имиња со составната морфема *људ-/-људ* се познати и во другите словенски јазици, сп. пол. *Ludemir*; *Radolud*, што се наоѓаат во основата на топонимите *Ludzimierz*, *Radoludz*, буг. *Людмил*, хрв., срп. *Ljudevit*, *Ljudemisal*, чеш. *Zal'ud*[66].

Со морфемата *ѓосѿ-/-ѓосѿ*, која може да потекнува од прасл. именка **gostь* ‘гостин, дојденец во туѓа заедница’ > стсл. гость или од глаголот **gostiti* ‘нагости’ > стсл. гостити, се образувани поголем број сложени имиња. Оваа морфема при образувањето на сложените имиња истапува и како прва и како втора компонента, сп. *Госѿивар*, што се наоѓа во основата на името на градот *Госѿивар*, *Госѿимир*, *Госѿирад*, *Госѿољуб*, *Госѿомир*; *Радоѓосѿ* и други[67].

Во антропономастиконот на хрватскиот јазик се нотирани личните имиња *Gostimir*, *Gostislav*, потоа женските имиња *Gostimira*, *Gostislava*, а како втора компонента се јавува во составот на личните имиња: *Dobrogost, Miligost, Radogost, Rudigost, Slavogost*[68]. Хрватското сложено име *Živogost* е засведочено во топонимот *Živogošče* кој е поименичена придавка образувана со посесивниот придавски суфикс *-jь* во формата за среден род *-je*[69].

---

[63] М. Вуйтович, op. cit., стр. 206.

[64] M. Vasmer, op. cit., стр. 39.

[65] Љ. Станковска, *Суфиксиѿе -jь, -ьjь, -ъ во македонскаѿа ѿоӣонимија*, Прилеп 2002, стр. 220–221.

[66] F. Nieckula, *Polskie nazwy miejscowe s sufiksem -jь*, Rozprawy Komisji Językowej V, Wrocławskie Towarzystwo Naukowe, Wrocław 1965, стр. 107, 105; J. Svoboda, op. cit., стр. 78.

[67] Љ. Станковска, *Речник на личниѿе имиња кај Македонциѿе*, Скопје 1992, стр. 80, 232.

[68] M. Šimundić, *Rječnik osobnih imena*, Zagreb 1988, стр. 131–132; M. Šimundić, Nepoznata osobna imena i prezimena Šibenskog kraja od XII stoljeća do novijega vremena, *Ономаѿолошки ӣрилози*, IV, стр. 195.

[69] P. Šimunović, *Istočnojadranska toponimija*, Split 1986, стр. 33.

Во антропонимијата на другите словенски јазици, исто така, се познати антропонимите во чијшто состав влегува морфемата *гост-/ -гост*, сп. чеш. *Hostibor, Hostimil, Hostirad*; *Belehost, Blizhost*, словен. *Radogost*, пол. *Gościlub*, *Gośiwoj*; *Bdzigost*, *Niegost*, буг. *Гостилюб*, *Гостомер*; *Желигост*, срп. *Гостидраг*, *Гостомир*; *Милогост* [70].

## Скорогод

Исчезнатото село *Скорогожде*, кое се наоѓало во околијата на Валона (Албанија), е регистрирано во турскиот дефтер од 1431 година за вилаетот Канина, постарото име на градот Валона, каде што е запишано со формата *Uskorogojde*[71]. Од документираната форма на името, коешто треба да се чита како *Uskorogožde* (*j* е запишано за *ž*), може да се констатира дека селото се викало *Скорогожде*. Ојконимот *Скорогожде* е елиптично име со посесивно значење, а е добиено со супстантивизација на адјективот од првобитната синтагматска формација **Скорогожде (Село)*. Адјективната компонента **Скорогожде* од составот **Скорогожде (Село)* е образувана со посесивниот придавски суфикс *-јь* во формата за среден род *-је*. Во основата на ојконимот *Скорогожде* се крие личното име *Скорогод* кое досега не е потврдено во антропонимијата на словенските јазици. Семантиката на ојконимот *Скорогожде* може да се искаже со дефиницијата ‘село кое му припаѓа на Скорогод’.

При објаснувањето на потеклото на овој ојконим Заимов, тргнувајќи од обликот **Скорогоште*, неговата основа ја изведува од личното име *Скорогост*[72], што сметаме дека не е прифатливо решение, бидејќи во записот името е напишано така што се чита како *Скорогожде*, односно како што го изговарало месното население, така што нема потреба групата *жд* да се објаснува дека е добиена со озвучување на *шт* под влијание на турскиот јазик. Изнесеното мислење од Заимов го прифаќа и Роспонд[73].

Антропонимот *Скорогод* < **Skorogodъ* е композитно име кое е составено од компонентата *скоро-* од прасл. придавка **skorъ*, стсл. ско-

[70] J. Svoboda, op. cit., стр. 76; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 87; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 68, 104; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 67, 134.

[71] Halil Inalcik, *Higri 835 tarihli Sûret-i defter-i sancak-i Arvanid*, Ankara 1954, стр. 42.

[72] Й. Заимов, *Български географски имена с -јь*, София 1973, стр. 158.

[73] S. Rospond, Toponimy na -jь, *Македонски јазик*, год. XXX, Скопје 1979, стр. 138.

ρъ ‘брз’ и од компонентата -*ḡод* од прасл. глагол **goditi*, стсл. годити ‘угоди, исполни (желба, молба на некого)’. Во преносна смисла значењето на името *Скороḡод* може да се дефинира со исказот ‘да биде брз во исполнување на (желба, молба на некого)’. Во македонскиот антропонимиски фонд е засведочено личното име *Скоробоḡ* и изведените имиња *Скорбе*, *Скорбо*, *Скоре*, *Скорил*, а во топонимијата се потврдени дериватите *Скоро*, *Скорован*, *Скорот̄а*, *Скорош*, *Скоруш*[74].

Во антропонимијата на другите словенски јазици со морфемата *скоро-* се одбележани антропонимите: буг. *Скоробит̄*, срп. *Скоровој*, *Скоромир*, чеш. *Skoroměr*, што е заложено во основата на топонимот *Skoroměřice*, пол. *Skorogost*[75]. Во хрватскиот јазик со оваа морфема се обликувани машките лични имиња *Skorimir*, *Skoromir* и нивните женски пандани *Skorimira*, *Skoromira*[76].

Со глаголската коренска морфема *ḡод-* во македонскиот јазик е нотирано композитното име *Годимир*, а во хрватскиот јазик се среќаваат сложените имиња *Godimir, Godislav, Godomir, Godoslav*, како и женските лични имиња *Godimira, Godislava, Godomira, Godoslava*[77]. Поголема фреквенција оваа морфема има во антропонимијата на другите словенски јазици, сп. чеш. **Hoděmysl, Hodislav*; *Brzhod, Nehod*, пол. *Godzimir, Godzisław*; *Mirogod, Nagod, Zdziegod*, буг. *Годеслав*, срп. *Годебрат̄*, *Годеслав*, *Годимир*, *Годомир*; *Неḡода* [78].

[74] Љ. Станковска, *Речник на личнит̄е имиња кај Македонцит̄е*, Скопје 1992, стр. 252.

[75] Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 200; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 180; L. Hosák, R. Šrámek, *Místní jména na Moravě a ve Slezsku*, II, Praha 1980, стр. 447; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 113.

[76] M. Šimundić, *Rječnik osobnih imena*, Zagreb 1988, стр. 308.

[77] Љ. Станковска, *Речник на личнит̄е имиња кај Македонцит̄е*, Скопје 1992, стр. 78; M. Šimundić, *Rječnik osobnih imena*, Zagreb 1988, стр. 126.

[78] J. Svoboda, op. cit., стр. 75; M. Malec, *Budowa morfologiczna staropolskich złożonych imion osobowych*, Wrocław – Warszawa – Kraków – Gdańsk 1971, стр. 86; Й. Заимов, *Български именник*, София 1988, стр. 65; М. Грковић, *Речник личних имена код Срба*, Београд 1977, стр. 65, 144.

# Presentation of some ancient Macedonian anthroponymy

Summary

The author presents old Macedonian anthroponymys: *Bezgat, Bradovar, Višeglav, Volovid, Dragožil, Žegovit, Kolodej, Korobud, Ljudogost* and *Skorogod*, which are confirmed in Macedonian language areal toponymy. The above – mentioned anthroponyms belong to the earliest anthroponimical corpus of Slavic languages and they had great importance in the enrichment of the proto-Slavic anthroponimical lexis.

Klučne riječi: antroponimi, potamonimi, ojkonimi, oronimi, Makedonija

Key words: anthroponyms, place names, hydronymy, Macedonia